КОМОРА НА ВЕШТАЦИ
на Република Северна Македонија
Бр.0102 - 13/26
23.01 2026 год.
СКОПЈЕ

Извештајот претставува ретроспективен преглед на сработеното во 2025 година.

---

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА КОМОРАТА НА ВЕШТАЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

**Предмет:** Преглед на реализирани активности предвидени во Програмата за работа за 2025 година

Во согласност со законските надлежности утврдени во **Законот за вештачење** , Комората на вештаци во текот на 2025 година презеде низа активности насочени кон етаблирање на професијата, нормативно уредување и институционално зајакнување.

Во продолжение е деталниот извештај по точки, согласно планираните активности во Програмата:

---

## 1. Подготовка и усвојување на правни акти

Во согласност со приоритетите за 2025 година, Комората успешно ги подготви и усвои клучните внатрешни и општи акти неопходни за нејзиното непречено функционирање како што се:

- Статутот на Комората на вештаци на РСМ
- Кодекс на етика на вештаците,
- Правилник за дисциплинска постапка,
- Правилник за начинот на полагање и системот на оценување на стручниот испит за вештак ,
- Годишна програма за работата на Комората за 2025 година,
- Деловник за работа на Собранието на Комората на вештаци,
- Деловник за работа на Управниот одбор на Комората на вештаци,
- Деловник за работа на Управниот одбор на Комората на вештаци,
- Програма за спроведување на првата почетна обука за вештак и
- 22 разни одлуки кои беа неопходни за работата на Комората.

## 2. Изработка на наставни програми и материјали за обука

Комората целосно ја реализираше обврската за подготовка на едукативни материјали. Дополнително, секое професионално одделение подготви база на практични примери (студии на случај). Овие материјали беа успешно имплементирани и користени од страна на Комисијата за спроведување на испитот за вештаци формирана од Министерството за правда, особено за посебниот (практичен) дел од испитот.

### 3. Тарифник за награди и надоместоци

Иако професионалните одделенија во Комората направија детална анализа на реалните трошоци и цената на трудот за секоја област одделно и подготвија предлог-Тарифник за пресметување на награда и надоместок за вештачење, истиот **не е донесен**. Причината за ова е што Комората **не доби позитивно мислење** од Министерството за правда, кое е неопходен предуслов за негово официјализирање и примена во судските и управните постапки. Комората ќе продолжи со преговорите во наредниот период за надминување на ова прашање.

### 4. Обезбедување на работни простории и опрема

Комората обезбеди пристојни работни простории за своето функционирање. И покрај ограничените финансиски средства базирани примарно на членарина, преку рационално користење на буџетот, просториите се целосно опремени со потребниот канцелариски мебел и компјутерска опрема, со што се овозможи непречена административна работа на органите на Комората.

### 5. Креирање на веб страница и дигитализација

Креирана официјална веб страница на Комората на вештаци. Веб страницата содржи статистички податоци, регистар на донесени одлуки од тековната работа, како и распореди за почетни и континуирани обуки. Со ова е обезбедена транспарентност кон членството, правосудните органи и граѓаните.

### 6. Стручна служба и административна поддршка

Продолжен е ангажманот на надворешната адвокатска и сметководствена канцеларија за тековното работење. Во однос на планираното вработување на најмалку две лица во стручната служба на Комората, реализирано е вработување на **едно лице**. Комората оцени дека во овој момент едно вработено лице ги задоволува тековните потреби, но останува определбата за дополнителни вработувања во иднина, согласно зголемувањето на обемот на работа и финансиските можности.

### 7. Соработка со Министерството за правда

Во текот на 2025 година остварена е тесна и континуирана соработка со Министерството за правда. Оваа соработка беше клучна при донесувањето на подзаконските акти, водењето и ажурирањето на регистрите на вештаци, како и во организацијата на испитите за вештаци. Редовно се одржуваа средби и работни состаноци за координирање на активностите, вклучително и за работата на дисциплинската комисија.

### 8. Иницијатива за измени на Законот за вештачење

Во согласност со програмските определби за 2025 година, Комората започна со иницијални активности за согледување на примената на **Законот за вештачење** . Во оваа фаза, фокусот беше ставен на **интерна анализа** во рамките на органите на Комората и професионалните одделенија. Беа детектирани одредени предизвици и прашања кои

произлегуваат од секојдневната практика на вештаците при примената на законските одредби. Оваа внатрешна евалуација претставува подготвителна основа за идни поширoки консултации.

**9. Почетна и континуирана обука (семинари и работилници)**

Согласно законската обврска, Комората спроведе две **почетни обуки** на пролет и есен. Истите се состоеја во општи обуки на ниво на сите одделенија (20 часа), како и обуки на ниво на професионални одделенија (40 часа). На учесните на овие почени обуки им беше доделено уверени за посетена обука, кое претставува и неопходен услов за аплицирање за трајна лиценца во Министерството за правда.

Во втората половина на 2025 година, успешно беа реализирани планираните обуки, односно со ова Комората ја исполни законската обврска за организирање на **континуирана обука** за сите вештаци, членови на Комората. Обуките опфатија актуелни теми од вештачењето како дејност, а за истото беа доставени до учесниците и уверенија за посетена континуирана обука.

**10. Видливост и промоција**

Активностите за зголемување на видливоста на Комората беа целосно спроведени. Преку активна работа на органите и професионалните одделенија, како и преку присуството на социјалните мрежи и јавните настани, Комората успеа да привлече интерес кај експертската јавност, со што се зајакна нејзиниот професионален капацитет и углед во општеството.

---

**Заклучок:** Со исклучок на донесувањето на Тарифникот, кој зависи од екстерна согласност, и делумното екипирање на стручната служба, Програмата за работа за 2025 година е успешно и целосно реализирана.